**20250992188**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 60 став (2) од Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 45/25), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЛИЦАТА НА КОИ ИМ Е ПРИЗНАЕНО ПРАВОТО НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

### I. Појдовна основа

Министерството за социјална политика, демографија и млади со оваа програма врши олеснување на процесот на интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија.

Процесот на интеграција ги опфаќа активностите и мерките кои треба да се реализираат во областите на: домување и сместување, вработување и стручно усовршување, здравствено осигурување, образование, социјална заштита и ангажираност во заедницата.

Оваа програма има за цел поттикнување на учеството на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија во реализација на активностите кои придонесуваат за одржливоста на социо - економската интеграција на овие лица.

Со оваа програма се обезбедува парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци.

### II. Корисници на програмата за интеграција

Корисници на оваа програма се лица на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: корисникот).

Корисникот може да оствари пристап до програмата за интеграција доколку:

- претходно остварувал право на сместување и ја користел услугата за олеснување на интеграција,
- работоспособните членови на домаќинството остварувале вкупно приход најмалку во период од еден месец пред поднесување на барање во износ кој не ја надминува просечната плата исплатена за период од претходните три месеци пред поднесување на барањето,
- лицето е работно неспособно, но активно учествува во процес на интеграција, за што процена прави центар за социјална работа, или
- лицето е на возраст над 65 години, или нема обврска за пријавување во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно закон.

### III. Мерки

Паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци ќе се исплаќа на месечна основа.

Висината на паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување и за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел изнесува:

- за самец до 8.000,00 денари за месечна закупнина,
- за семејство од два до четири членови до 10.000,00 денари за месечна закупнина и

- за семејство од пет и повеќе членови до 12.000,00 денари за месечна закупнина.

Висината на паричната помош за комунални трошоци (електрична енергија, греење, вода и ѓубретарина), изнесува:

- за самец до 2.000,00 денари,
- за семејство од два до четири членови до 4.000,00 денари и
- за семејство од пет и повеќе членови до 5.000,00 денари.

**IV. Носители**

Оваа програма ќе ја спроведат Министерството за социјална политика, демографија и млади и центрите за социјална работа.

Согласно поднесените барања за пристап до мерка од програмата за интеграција и издадените решенија, месно надлежните центри за социјална работа вршат исплата на паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци.

Месно надлежниот центар за социјална работа или овластен и лиценциран давател на социјална услуга обезбедуваат поддршка и врз основа на инволвираноста на корисникот во процесот на имплементација на индивидуалниот или семејниот план за интеграција вршат евалуација за неговото проактивно учество во процесот на интеграција.

Поддршката и советувањето на корисникот се обезбедува преку изготвување на план за интеграција, имплементација на активностите од планот, информирање на корисникот за правата и постапките за реализација на истите, упатување на корисникот кон јавните или приватни даватели на услуги, како и обезбедување на административна поддршка во спроведување на постапките за кои е надлежен центарот за социјална работа или Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Евалуација за имплементација на планот за интеграција и анализа на исполнетоста на проактивно учество во процесот на интеграција, центарот за социјална работа врши квартално преку споредување на планираните мерки, реализација на истите во временскиот рок предвиден со планот за интеграција.

За користење на паричната помош од оваа програма, се поднесува барање за користење на парична помош.

Кон барањето се поднесува следнава документација:

- лична карта, издадена согласно Законот за меѓународна и привремена заштита (*), доставена на увид,
- препорака како доказ за успешноста на имплементација на индивидуален план за интеграција од месно надлежен центар за социјална работа, односно давателот на услуга каде користел услуга за олеснување на интеграција,
- податоци за активна трансакциска сметка отворена во домашна банка,
- договор за закуп и
- изјава со која потврдува дека не е во можност самостојно да ги покрива трошоците за месечна закупнина и комунални трошоци, со што лицето потврдува дека е станбено необезбедено лице.

Исплаќањето на паричната помош од оваа програма престанува доколку корисникот не ги исполнува обврските од планот за интеграција, односно во следниве случаи:

- корисникот не ги посетува курсевите за преквалификација и доквалификација на кои е упатен,
- корисникот своеволно на негово барање без основани причини го прекине работниот однос,
- децата на училишна возраст без основани причини не посетуваат редовно основно и средно образование, односно не посетуваат градинка доколку се упатени,

- корисникот не учествувал во општествени активности во заедницата на кои е упатен поради зајакнување на општествена инклузија,
- корисникот не учествувал во реализација на други мерки предвидени во планот за интеграција,
- корисникот има дадено невистинити или нецелосни податоци,
- корисникот престанал да е станбено необезбедено лице, односно приходите за самец или семејство се над просечната плата за тој период во државата согласно податоците од Државниот завод за статистика и
- корисникот поднесе барање за престанок на користење на паричната помош од оваа програма.

Корисникот треба да го известува месно надлежниот центар за социјална работа најдоцна 15 дена од настанувањето на секоја промена која се однесува на:

- промена на адреса на сместување,
- промена на статусот за било кој член на семејството,
- промена на носителот на исплатата и
- промена со која се менува статусот на станбено необезбедено лице и неможноста самостојно да ги покрива трошоците за сместување, закупнина и комунални трошоци.

Центарот за социјална работа води евиденција за корисниците и доставува квартален извештај за бројот на корисниците, износот на средствата и реализацијата на мерките од планот за интеграција до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**V. Извори на средства**

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 9.421.000,00 денари се обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во Раздел 15001-Министерството за социјална политика, демографија и млади во потпрограма 54-Надоместоци за заштита на бегалци и азиланти.

**VI. Влегување во сила**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-2275/10
15 мај 2025 година
Скопје

Министер за социјална политика,
демографија и млади,
**Фатмир Лимани,** с.р.